Здружение на граѓани „Младински образовен форум”
Ул. Дренак 34-а, 1000 Скопје, Северна Македонија
02 /31 39 692
info@mof.org.mk, www.mof.mk

# Покана за присуство на Станица Студентска 7.0

Почитуван ректоре, почитувани проректори, почитувани декани,

Младински образовен форум (МОФ), во рамките на Проектот за образовни центри за советување и алумни стипендисти на Фондациите Отворено општество, на **23.4.2019 од 11 до 18 часот, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, по седми пат го организира целодневениот студентски настан „Станица: Студентска”.** Станица: Студентска 7.0. е еднодневен настан наменет за студенти чија цел е да се промовира здружувањето помеѓу студентите, студентскиот активизам, истражувачката работа, како и размената на знаење помеѓу академската заедница.

Станица: Студентска е настан отворен за сите заинтересирани млади луѓе, студенти и останати посетители кои сакаат да посетат современи и алтернативни предавања кои како такви се ретка појава на нашите факултети и универзтитети. Оттука, на студентите и младите луѓе преку овој настан им даваме можност да се информираат за организациите отворени за нив, да учествуваат во работилници, да се запознаат со нови истражувања и предавања како и да разменат искуства и контакти.

На овогодинешната „Станица: Студентска 7.0“ ќе се одржи и саем на преку триесет младински и студентски организации, ќе се одржат различни предавања, работилници и други активности, а посетителите ќе можат да се релкасираат во “чил зона“ за друштвени и конзолни игри.

Оттука, **ни претставува огромно задоволство да Ве поканиме да присуствувате на предавањето на Проф. Д-р Владимир Петрушевски со наслов „Експериментот на Милиграм: Покорност кон авторитет“, но и на настанот во целост.** Ќе ни претставува огромно задоволство доколку вие, како креатори на иднината на универзитетот, го препознаете потенцијалот на ваквите автономни студентски настани и со самото ваше присуство ги охрабрите и останатите студенти да се впуштат во организирање на вакви вонаставни содржини.

Со почит,

Борјан Ефтимов
Координатор на Станица Студентска 7.0
Младински образовен форум